| **Прилог бр. 3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК | | | |
| 2. | Код | | | | |
| 3. | Студиска програма | Политички студии (на англиски јазик) | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | прв циклус | | | |
| 6. | Академска година /семестар | трета година, шести семестар | изборен | Број на ЕКТС- кредити | 6 |
| 8. | Наставник | проф. д-р Станислава-Сташа Тофоска | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | нема | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции):<br>Основната цел на предметот е да го подобри писменото и усното изразување на студентите на стандарден македонски јазик, со повторување, продлабочување и проширување на знаењата од сите јазични рамништа на македонскиот јазик.<br>Очекувани резултати:<br>По завршениот курс од студентите се очекува:<br>• да ги знаат главните карактеристики на македонскиот јазик и во однос на неговиот развој и во однос на современиот стандарден јазик;<br>• да разбираат и логично да креираат синтагми, реченици и текст на македонски стандарден јазик;<br>• соодветно да ги применат јазичните знаења во пишаната и говорната комуникација на македонски стандарден јазик; да создаваат текстови на македонски јазик во коишто ќе бидат запазени сите јазични стандарди ( правописни, граматички, лексички итн.)<br>• да го преиспитуваат и да го самооценуваат своето усно и писмено изразување на македонски стандарден јазик. | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма:<br>Македонскиот стандарден јазик –развој и основни карактеристики. Утврдување на основните поими од сите јазични рамништа. Јазична норма (поим, карактеристики). Отстапувања од нормата.<br>Утврдување на правописните правила на македонскиот стандарден јазик и нивна примена во пишување текстови на македонски јазик. Усвојување правилен изговор на некои гласови; правилно акцентирање (зборовен, синтагматски и реченичен акцент); соодветна интонација на реченицата. Покрај правописната норма, преку анализа на различни типови текстови, ќе се посочуваат и другите аспекти на културата на писменото изразување што се одлика на македонскиот стандарден јазик (лексички, морфосинтаксички и др.). Ќе се обрне особено внимание на оние кај кои се забележуваат поголеми недоследности и отстапки во јавната комуникација (некритичка употреба на заемки и интернационализми, пренесување на синтаксички структури од англискиот јазик и сл.)<br>Морфологија и морфосинтакса: формите и употребата на зборовите од сите зборовни групи; специфични граматички категории на македонскиот јазик. Морфосинтакса на именските зборови. Морфосинтакса на глаголот – со посебен осврт на вторичните и стилските употреби на глаголските форми во реченицата.<br>Работа со различни видови текстови - резимирање, презентирање и дискутирање. Пишување куси текстови на македонски јазик, со различна комуникациска цел. Ќе бидат објаснети принципите и постапките на процесот на пишување и структурирање на текстовите со цел да се подобри писменото изразување на македонски на академско рамниште. Ќе се работи на подобрување на структурата и јасноста на реченицата, со нагласување на важноста на правилната употреба на лексиката, граматиката и правописот. | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Методи на учење: предавања и вежби, консултации, проектна (домашна, семинарска) задача, самостојно учење | | | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 120 | | | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 52,5 (предавања и вежби), 67,5 (вкупно домашно учење и задачи) | | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања - теоретска настава | 3,5 часа неделно<br>(вкупно 52,5 часа) | | |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа | | | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | | | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | | | |
| | | 16.3. | Домашно учење – задачи | 67,5 - вкупно | | |
| 17. | Начин на оценување | | | | | |
| | 17.1. | Тестови | 80 бодови | | | |
| | 17.2. | Индивидуална работа/проект, домашна задача ( презентација: писмена и усна) | 15 бодови | | | |
| | 17.3. | Активност и учество | 5 бодови | | | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) | | | |
| | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (Е) | | | |
| | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) | | | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | | | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | | | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | | | |
| 19. | Услов за потпис и за полагање завршен испит | присуство на најмалку 51% од наставата | | | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски | | | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | евалуација / самоевалуација | | | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Конески, Бл. | Граматика на македонскиот литературен јазик | Просветно дело, АД Детска радост<br>и електронско издание на<br>http://koneski.manu.edu.mk/wp-content/uploads/2021/11/11-tom-KONESKI.pdf | 2004<br><br>2021 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2. | група автори | Правопис на македонскиот јазик | ИМЈ „Крсте Мисирков“ електронско издание: www. pravopis.mk | 2017 |
| | | 3. | Ст. Тофоска | материјали подготвени од наставникот соодветни за обработуваната тема | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Бојковска С., Ѓуркова Л., Пандев Д., Цветковски Ж. | Општа граматика на македонскиот јазик | Просветно дело | 2008 |
| | | 2. | група автори | • Толковен речник на македонскиот јазик. Том 1-6.<br>• Дигитален речник на македонскиот јазик | Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје (ел. издание: www. makedonski.gov.mk<br>http://drmj.eu/ | 2020 |
| | | 3. | Зозе Мургоски. | Лексикон на странски зборови | Скопје | 2009 |